Нарцизми - женски ликовен профил



# Без простор за рамнодушност

*Да бидеш човек е многу. Да бидеш жена е уште повеќе.*
*Мартин Ларни*

Седумнаесетте уметнички што се вклучија во проектот „Нарцизми" на Соња Абациева, ни оддалеку не сакаат да размислуваат за некаква полова поделба на македонската ликовна сцена. Меѓутоа, сите безрезервно го прифатија предизвикот на кураторот на оваа изложба да го первертираат долговременото патријархално толкување на жената единствено како објект на желбата и манипулацијата во друг, активно-креативен вид, во аргумент на волјата, дисциплината, промената, во женската стратегија и во вечноста на суптилното создавање.

Ова се основните перформанси на проектот „Нарцизми" кој, неделава, на неговото отворање во Музејот за современа умет-

**Дијана Томиќ:** Проектот го нареков „Моќта на Пигмалион". Во митот тој, незадоволен од човечкиот, поточно од женскиот род, создава жена по свој терк. Ја поврзав таа приказна со ова ново време, кое од нас создава луѓе по свој терк, веројатно со многу отпор од секоја единка на Земјината топка. Сепак, мислам дека случувањата одат во насока еден фантастичен механизам да создаде човек по терк на некои големи сили. Според моето сфаќање, тој создава маченици. Така изгледа и мојата фигура поставена на оваа изложба.







ност, со кое беше означен и стартот на Скопското културно лето, на едно место сублимираше, освен чудесните 17 женски уметнички сензибилитети, и бројна публика - задоволна, затечена, вовлечена, па дури и шокирана, но никако - рамнодушна!

„Нарцизми“ е, според првите реакции, еден од највпечатливите мултимедијални проекти во оваа сезона. При неговото конципирање, Абаџиева појде, како што вели, од тезата за постоење на женски конотиран дискурс, паралелен, но посебен ви-за-ви машкиот. Тематскиот концепт, насочен кон нарцизмот како вечна и голема нарација, авторките го прифатија како можност за употреба на автобиографски и автопортретски елементи во своите дела и, уште повеќе, како предизвик за избор на самите себе како модели и објекти на својот ликовен интерес.

Впрочем, Абаџиева и во нивната досегашна работа препознава постапки на авторефлексивност и себеоткривање, што ѝ послужило како референца при изборот на учесничките во овој проект. А, тие, вклучувајќи се во оваа голема творечка авантура, откриваат пред својата публика, ненасетени и интригирачки димензии на ситната човечка слабост - големиот нарцизам.

Генерациски, тематски и идејно различни, Елизабета Аврамовска, Мирна Арсовска, Жанета Вангели, Љупка Делева, Искра Димитрова, Христина Иваноска, Маргарита Киселичка, Марина Лешкова, Моника Мотеска, Маја Рауник, Анета Светиева, Весна Стефановска, Ана Стојковиќ, Дијана Томиќ, Вана Урошевиќ и Симонида Филипова, минуваат супериорно низ лавиринтите и стапиците на Нарцис, преплетувајќи ги низ овој архетип своите приказни за Пигмалион, за Јован Крстител, за политичката коректност, за митовите и сегашноста, за непресушната жед за љубов, за етичката критика, за предизвикувањето, за заборавањето...

Така, „Нарцизми“ ги растајни овие дами кои, според Абаџиева, во овој момент претставуваат движечка сила на македонската ликовна сцена. Тие, пак, од своја страна ја растајнија потребата на публиката за вакви предизвикувачки проекти, која возврати со несомнен, активен интерес за луцидните женски погледи на нарцизмот, сублимирани во еден проект кој, меѓу другото, манифестира висок степен на еманципирана свест (подеднакво и кај женските и кај машките припадници) на македонската културна сцена. Радувајќи му се на овој респектибилен културен настан и како на значаен социолошки феномен, топло им го препорачуваме на нашите читатели. Прошетката до Кале може да биде и повеќе од физичка рекреација.

**Моника Мотеска:** Проектот го нареков „Предизвикувач“ и тој е видеопроекција на женско тело врз ѕид. Предизвикувачот е моето тело, а околу него се забодени дваесетина ножеви. Проекцијата е проследена со звук од нож којшто се забодува во ѕидот. Жената во овој случај е отворена да ги прими или одбие сите надворешни влијанија, дразби... и е во позиција да предизвикува на двобој.



**Љупка Делевска:** Мојот проект носи наслов „e-mail diary“. Тој е еден вид дневник што се состои од e-mail кореспонденција и на некој начин претставува e- mail арт. Содржините на тие меилови припаѓаат на некои конкретни личности, туку повеќе се размислувања што го проследуваат процесот на испраќање и добивање електронска пошта. Користам и ефект на огледало што значи дека некои од пораките можат да се прочитаат само ако се послужите со огледало за да го прочитате „позитивот“ на текстот. Прашање е дали при тоа ќе се видите себеси или ќе ја читате пораката.



**Жанета Вангели:** Во мојата инсталација се работи за нарцизам во политичката моќ, која во последниве десет години особено го промовира суперпоимот „политичка коректност“, за кој можат да се направат многу слики, филмови... Тој поим ме фасцинира подолго време зашто дојдов до заклучок дека е еден од врвните облици на нарцизам и, што е најперверзно, „нарцизам на доброто“. Политичката коректност е добар пример за тоа како првобитното добро, т.е. намерата да се помогне, да се дојде до експанзија, што е праведно, вклучена во некој систем со незапирлива намера и амбиција д се оствари доброто, па макар и со сила, первертира во својата спротивност.